Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 06.05.2023

На 05.05.2023 во 11.00 часот во Куманово, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Куманово во координација со Одделот за криминалистичка полиција ги лишиле од слобода И.М.(47) и Б.И.(46), двајцата од Куманово. При претрес во домот на И.М., извршен со судска наредба, во кој бил затекнат и Б.И., биле пронајдени и одземени амфетамин, хероин, кокаин, марихуана, предмет со остатоци од смолеста материја и други предмети. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.05.2023 во 17.25 часот во Кавадарци, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци го лишиле од слобода М.К.(42) од Кавадарци. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени кафеава прашкаста материја и предмет со остатоци од кафеава прашкаста материја. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.05.2023 во 09.30 часот во село Дурачка Река, кривопаланечко, полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка го лишиле од слобода А.Р.(33) од с.Дурачка Река. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, дробилка, ризли и други предмети. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.05.2023 во 15.00 часот во с.Гајре, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово го привеле М.А.(41).од с.Гајре. Тој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 05.05.2023 во 18.30 часот во населба Илинден – Скопје, полициски службеници од ЕВР Гази Баба го лишиле од слобода Ќ.С.(39) од с.Арачиново, скопско. Тој бил затекнат како со товарно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки превезува огревно дрво без документација. Возилото и дрвата биле одземени и предадени на Шумска полиција за понатамошна постапка. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.05.2023 во 19.30 часот во с.Слоештица, демирхисарско, полициски службеници од Полициската станица Демир Хисар го лишиле од слобода О.Ј.(48) од с.Слоештица. Тој бил затекнат од ловочувар при незаконит лов, односно при поставување опрема – челични сајли за нелегален лов на дивеч. Пронајдените предмети биле одземени, а лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.05.2023 во 14.50 часот, полициски службеници од Полициската станица Ресен, со судска наредба, извршиле претрес во домот на Г.Д.(55) во с.Наколец, ресенско. При претресот биле пронајдени и одземени 10 ловечки патрони калибар 16 мм и куршуми калибар 30.06 мм. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.05.2023 во 02.40 часот на подрачје на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Д.С.(40) и Ј.Ј.(30), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја и марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.05.2023 во 22.25 часот а подрачје на Центар, полициски службеници ги лишиле од слобода И.И.(24), Н.М.(19) и И.И.(24), тројцата од Струмица и струмичко, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.05.2023 во 17.30 часот во с.Одри, тетовско, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Тетово го лишиле од слобода А.Н.(28) од с.Одри затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.05.2023 во 14.10 часот во Полициското одделение Кривогаштани, И.Ѓ.(30) од с.Обршани пријавил дека при извршување работи во градината на неговиот имот пронашол неиспукани гранати. Полициски службеници извршиле увид, а пиротехничари од Дирекцијата за заштита и спасување констатирале дека се работи за три минофрлачки гранати Ф-75 германско производство од Првата светска војна. Гранатите биле подигнати за понатамошна постапка.

На 05.05.2023 околу 00.30 часот на земјен пат во непосредна близина на тунели Демир Капија-Јаворица, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Михајлово при Регионалниот центар за гранични работи Југ од лицето Љ.П.(58) од Скопје одзеле пиштол „Валтер" калибар 9 мм, кој го носел без дозвола. Против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (05.05.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 238 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 53 санкции, 12 мерки за управување возило под дејство на алкохол, осум мерки за возење без возачка дозвола. Изречени се 10 мерки за користење мобилен телефон при возење, три санкции за некористење сигурносен појас, три санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила....

На 05.05.2023 околу 10.50 часот во СВР Куманово било пријавено дека на магистрален пат Куманово – Крива Паланка се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „форд фокус" со дипломатски таблички, управувано од К.А.Л.(52) од Руската Федерација и патничко возило „опел" со кумановски регистарски ознаки, управувано од Г. Б.(46) од Куманово. Во незгодата, со повреди се здобил Г.Б. и бил пренесен за укажување лекарска помош во болницата во Куманово. Увид извршила екипа од СВР Куманово.

На 05.05.2023 во 10.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Партизански Одреди", Т.А.(69) од Скопје, при симнување од градски автобус била фатена од вратата по што паднала. Таа била пренесена во Комплексот клиники „Мајка Тереза" каде и биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.05.2023 во Полициската станица Бит Пазар, О.П.(71) од Скопје пријавил дека на ул.„Македонско косовска бригада" бил каснат од куче скитник.

На 05.05.2023 во 17.30 часот во Полициската станица Чаир, Д,Л.(31) од Скопје пријавил дека на ул.„Марко Крале" бил каснат од куче скитник.

На 05.05.2023 во 15.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, И.М.(48) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Геров" бил каснат од куче скитник.

На 05.05.2023 во 11.00 часот во Куманово, полициски службеници од Отсекот за недозовлена трговија со дрога и оружје при СВР Куманово во координација со Одделот за криминалистичка полиција ги лишиле од слобода И.М.(47) и Б.И.(46), двајцата од Куманово. При претрес во домот на И.М., извршен со судска наредба, во кој бил затекнат и Б.И., биле пронајдени и одземени амфетамин, хероин, кокаин, марихуана, предмет со остатоци од смолеста материја и други предмети. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.05.2023 во 17.25 часот во Кавадарци, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци го лишиле од слобода М.К.(42) од Кавадарци. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени кафеава прашкаста материја и предмет со остатоци од кафеава прашкаста материја. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.05.2023 во 09.30 часот во село Дурачка Река, кривопаланечко, полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка го лишиле од слобода А.Р.(33) од с.Дурачка Река. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, дробилка, ризли и други предмети. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.05.2023 во 15.00 часот во с.Гајре, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово го привеле М.А.(41).од с.Гајре. Тој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 05.05.2023 во 18.30 часот во населба Илинден – Скопје, полициски службеници од ЕВР Гази Баба го лишиле од слобода Ќ.С.(39) од с.Арачиново, скопско. Тој бил затекнат како со товарно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки превезува огревно дрво без документација. Возилото и дрвата биле одземени и предадени на Шумска полиција за понатамошна постапка. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.05.2023 во 19.30 часот во с.Слоештица, демирхисарско, полициски службеници од Полициската станица Демир Хисар го лишиле од слобода О.Ј.(48) од с.Слоештица. Тој бил затекнат од ловочувар при незаконит лов, односно при поставување опрема – челични сајли за нелегален лов на дивеч. Пронајдените предмети биле одземени, а лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.05.2023 во 14.50 часот, полициски службеници од Полициската станица Ресен, со судска наредба, извршиле претрес во домот на Г.Д.(55) во с.Наколец, ресенско. При претресот биле пронајдени и одземени 10 ловечки патрони калибар 16 мм и куршуми калибар 30.06 мм. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.05.2023 во 02.40 часот на подрачје на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Д.С.(40) и Ј.Ј. (30), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја и марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.05.2023 во 22.25 часот а подрачје на Центар, полициски службеници ги лишиле од слобода И.И.(24), Н.М.(19) и И.И.(24), тројцата од Струмица и струмичко, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.05.2023 во 17.30 часот во с.Одри, тетовско, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Тетово го лишиле од слобода А.Н.(28) од с.Одри затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.05.2023 во 14.10 часот во Полициското одделение Кривогаштани, И.Ѓ.(30) од с.Обршани пријавил дека при извршување работи во градината на неговиот имот пронашол неиспукани гранати. Полициски службеници извршиле увид, а пиротехничари од Дирекцијата за заштита и спасување констатирале дека се работи за три минофрлачки гранати Ф-75 германско производство од Првата светска војна. Гранатите биле подигнати за понатамошна постапка.

На 05.05.2023 околу 00.30 часот на земјен пат во непосредна близина на тунели Демир Капија-Јаворица, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Михајлово при Регионалниот центар за гранични работи Југ од лицето Љ.П.(58) од Скопје одзеле пиштол „Валтер" калибар 9 мм, кој го носел без дозвола. Против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (05.05.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 238 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 53 санкции, 12 мерки за управување возило под дејство на алкохол, осум мерки за возење без возачка дозвола. Изречени се 10 мерки за користење мобилен телефон при возење, три санкции за некористење сигурносен појас, три санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила....

На 05.05.2023 околу 10.50 часот во СВР Куманово било пријавено дека на магистрален пат Куманово – Крива Паланка се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „форд фокус" со дипломатски таблички, управувано од К.А.Л.(52) од Руската Федерација и патничко возило „опел" со кумановски регистарски ознаки, управувано од Г. Б.(46) од Куманово. Во незгодата, со повреди се здобил Г.Б. и бил пренесен за укажување лекарска помош во болницата во Куманово. Увид извршила екипа од СВР Куманово.

На 05.05.2023 во 10.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Партизански Одреди", Т.А.(69) од Скопје, при симнување од градски автобус била фатена од вратата по што паднала. Таа била пренесена во Комплексот клиники „Мајка Тереза" каде и биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.05.2023 во Полициската станица Бит Пазар, О.П.(71) од Скопје пријавил дека на ул.„Македонско косовска бригада" бил каснат од куче скитник.

На 05.05.2023 во 17.30 часот во Полициската станица Чаир, Д,Л.(31) од Скопје пријавил дека на ул.„Марко Крале" бил каснат од куче скитник.

На 05.05.2023 во 15.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, И.М.(48) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Геров" бил каснат од куче скитник.

На 05.05.2023 во 10.00 часот во с.Железница, кратовско, полициски службеници од Полициската станица Кратово го лишиле од слобода Д.М.(29) с.Железница. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени предмети со остатоци од марихуана и пари во различни апоени. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.05.2023 во 13.00 часот, полициски службеници од Полициската станица Кичево го лишиле од слобода Д.Ш.(28) од Кичево. При претрес во неговиот дом и други простории во Кичево и во с.Цер, кичевско, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени семки од растението канабис и предмети со остатоци од марихуана. Д.Ш. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.05.2023 во 13.30 часот во Кочани, полициски службеници од Полициската станица Кочани го лишиле од слобода К.В.(26) од Кочани. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, дробилка и други предмети со остатоци од марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.05.2023, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци, со судска наредба, извршиле претрес во домот С.С.(38) од Кавадарци. При претресот биле пронајдени и одземени повеќе садници од растението канабис. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.05.2023, полициски службеници од СВР Велес, со судска наредба, извршиле претрес во домот на С.Т.(48) од Велес. При претресот биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја и два шприца со кафеава течност. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.05.2023 во 08.30 часот во Богданци, полициски службеници од СВР Струмица – Полициска канцеларија Богданци го лишиле од слобода Ѓ.Т.(47) од Богданци. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени повеќе предмети со остатоци од кафеава прашкаста материја. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.05.2023 во 18.00 часот во Гостивар, полициски службеници од Полициската станица Гостивар го лишиле од слобода З.Ц.(57) од Гостивар затоа што се однесувал агресивно во домот и се обидел со тврд предмет да ја нападне неговата 52-годишна сопруга. По дкоументирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.
На 05.05.2023 полициски службеници од Полициската станица Центар при СВР Скопје извршиле службен разговор со Е.Р. (18) и три 17-годишни малолетнички, сите ученички во средно училиште во Скопје, на кој присуствувале и нивните родители, по добиена пријава од вработени во училиштето дека ученичките на социјална мрежа постирале содржина со закана кон ученичка во истото училиште и други лица. Известен е јавен обвинител и Центарот за социјални работи и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.05.2023 во 00.55 часот во СВР Тетово, З.Ј.(44), З.М.(42) и Г.Т.(51), сите од Тетово, пријавиле дека околу 22.50 часот на ул.„Борис Кидрич" во Тетово нивните малолетни синови и уште двајца малолетници од Тетово биле физички нападнати од неколку други малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.05.2023 во 20.20 часот на автопатот А1, кај клучка Миравци, полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Југ дале знак за запирање на патничко возило „ауди" со струмички регистарски ознаки, но возилото не застанало. Набргу, возилото било запрено и во него биле пронајдени 10 лица мигранти од Сирија и едно лице мигрант од Ирак, кои биле сместени во прифатно-транзитен центар. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.05.2023 полициски службеници од ЕВР Карпош при СВР Скопје привеле 16-годишен малолетник- ученик, постапувајќи по пријава од директорот на училиштето поради објава на социјална мрежа на содржина со закани по живот кон професори. Известен е јавен обвинител и против лицето ќе биде поднесена кривична пријава до ОЈО за сторено кривично дело загрозување на сигурноста.

На 05.05.2023 во 15.00 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен Ф.Џ.(24) од Скопје. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување работни задачи во домот на АРСМ како член во Национална установа Албански ансамбл за народни ора и песни. Се работи на расчистување на случајот.

На 05.05.2023 во 15.30 часот во СВР Скопје, И.Х.(52) од Скопје пријавила дека околу 11.00 часот во дворот од семејната куќа во скопско село била физички нападната од лицето Б.Ѓ. од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 05.05.2023 во 21.30 часот во СВР Скопје, В.Д.(66) од пријавила дека околу 20.30 часот во дворот од нејзината куќа во скопско село, поради нарушени меѓусоседски односи, нејзината ќерка била физички нападната од соседот З.„Н". Се работи на расчистување на случајот.

На 05.05.2023 околу 12 часот во просториите на основно училиште на подрачјето на Чаир, Скопје, полициски службеници во присуство на родители, педагог, психолог и директорката на училиштето извршиле службен разговор со малолетник-ученик во училиштето, постапувајќи по претходна пријава од директорката на училиштето дека извадил пластичен пиштол (играчка) и го насочил кон други ученици, а потоа и го предал на неа. Известен е дежурен јавен обвинител за малолетници, како и Центарот за социјални работи за натамошно постапување.

На 05.05.2023 во 21.43 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека во 21.30 часот на ул„Искра" во Кочани, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ј.М.(38) и Б.Н.(35), двајцата од Кочани. Се работи на расчистување на случајот.

На 05.05.2023 во 14.00 часот во СВР Струмица, Б.С.(58) од Штип пријавил дека околу 13.45 часот за време на одигрување на спортски натпревар на општинскиот стадион со вештачка трева во Струмица бил физички нападнат од М.В.. Се работи на расчистување на случајот.

На 05.05.2023 во 22.03 часот во СВР Куманово, С.Б.(42) од Куманово пријавила дека во центарот на Куманово била физички нападната од С.Д.(22) од Куманово. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.05.2023 во 15.15 часот во СВР Штип, И.М.(35) од Штип пријавил дека на ул.„Иво Лола Рибар" во Штип бил физички нападнат од женско лице Е.М. од Штип. Се работи на расчистување на случајот.

На 05.05.2023 во 22.40 часот во СВР Скопје, Р.Д. пријавил дека околу 22,15 часот на ул. „Загребска" во Скопје, две лица со закана му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.05.2023 во Полициската станица Карпош бил извршен службен разговор со малолетник од Скопје затоа што во 11.48 часот во СВР Скопје, од основно училиште на подрачје на општина Карпош во кое учел било пријавено дека на 02.05.2023 наставник во училиштето кај него пронашол неиспукан куршум. Полициски службеници го подигнале куршумот и за настанот бил запознаен јавен обвинител. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.05.2023 во 22.30 часот во Полициската станица Гази Баба, М.Д.(75) од с.Јурумлери, скопско, пријавил дека на ул.1 во Нова Колонија бил каснат од куче скитник.

На 05.05.2023 во 21.50 часот во СВР Тетово, В.З.(30) од Тетово пријавил дека на улица „Киро Ристевски Дрнц бил каснат од куче скитник.

На 05.05.2023 во 12.00 часот во СВР Битола, Б.Ј.(70) од с.Алинци, битолско, пријавил дека во Градскиот пазар во Битола бил каснат од куче скитник.

На 05.05.2023 во 20.00 часот во ОВР Прилеп, Г.К.(44) од Прилеп пријавил дека на ул. „Борис Кидрич" во Прилеп била каснат од куче скитник.

Политика за приватност | **Политика за колачиња**

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет